Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 65/0306
17.02 2020 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Здружение „Доверба“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „МК Вести“, со текстот насловен „Виртуозот Симон Трпчевски го прекина концертот во Штип поради лошите услови во салата – Немало греење и струја“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 јануари 2020 година, Здружението „Доверба" – Куманово поднесе жалба за текстот со наслов „Виртуозот Симон Трпчевски го прекина концертот во Штип поради лошите услови во салата – Немало греење и струја", објавен на 17 јануари 2020 година, на интернет – порталот „МК Вести" (www.mkvesti.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување.

Претседателката на Здружението, Дивна Јанкова, посочува дека медиумот објавил лажна вест и дезинформација дека македонскиот пијанист Симон Трпчевски го прекинал новогодишниот концерт во салата во Штип. Таа додава дека, и покрај студената и незагреана сала, Трпчевски го одржал концертот, што било потврдено и од директорот на средното музичко училиште.

*„Директорот на Средното музичко училиште, Горан Кавраков, кажал дека е невистина дека Трпчевски го прекинал концертот, кој го проследиле голем број на граѓани во Штип. Порталот МКвести.мк со оваа лажна вест направи манипулација кон училиштето, градот и пошироко во Македонија и треба да ја повлече оваа дезинформација"*, се вели во жалбата на „Доверба".

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „МК Вести" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 11 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека се работи за текст без автор, кој пренесува информација дека познатиот македонски пијанист Симон Трпчевски го прекинал концертот во Штип поради лошите услови во салата во Домот на културата.

Комисијата заклучи дека информацијата не е целосно проверена и е некомплетна и необјективна, зашто медиумот не навел ниту еден релевантен аргумент за да ја поткрепи таквата вест. Информацијата, пласирана на ниво на преседан и „очигледен“ скандал, „МК Вести“ единствено ја заснова на видео - снимка од обраќањето на Трпчевски пред публиката, која треба наводно да потврди дека пијанистот навистина го прекинува концертот.

Жалбената комисија детално ја прегледа снимката, насловена „Резил на концертот на Симон Трпчевски во Штип“, која медиумот ја постирал под текстот. Членовите на Комисијата утврдија дека на шестминутното видео светски познатиот уметник навистина споделува искуства и зборува за лошите услови со кои се соочуваат уметниците и музичарите во земјава, но во ниту еден момент не навестува, ниту го прекинува гостувањето во салата.

Комисијата се согласи дека медиумот воопшто не се потрудил да обезбеди објективна информација, на начин што ќе контактира релевантна институција за да ја потврди веродостојноста на веста, а во случајов, Домот на културата во Штип. Новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање. Вака обработениот текст не може да се протолкува поинаку, освен како чист сензационализам, со оглед дека „скандалозната“ вест беше експресно демантирана и од директорот на средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“, чии ученици биле дел од истиот настан.

Оттука, Комисијата најде дека интернет-порталот „МК Вести“, го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во насловот и во следната реченица од текстот:

***„Концертот кој што се одржа во рамки на Домот на културата „Ацо Шопов“ виртуозот бил приморан да го прекине поради лошите услови, односно поради фактот што во салата немало греење, а имало проблеми и со струјата.“***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори, а начинот на информирање да биде ослободен од сензационализми.

Комисијата, на крајот, констатираше дека и повеќе други интернет – портали ја објавиле оспорената информација, но дека не се предмет на жалбена постапка пред Советот за етика.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот „МК Вести“ (www.mkvesti.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595